РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

13- 130 2 /1
23 -02- 2023

**ИЗВЕШТАЈ**

за антикорупциска проверка на

Законот за заштита на децата, конкретно во делот на детските градинки, категориите на работните места и начинот на унапредување, оценувањето на давателите на јавни услуги, систематизацијата на работните места и начинот на именувањето и мандатирањето на директорот.

**Наслов:** Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија" бр.23/13; бр.12/14; бр.44/14; бр.144/14; бр.10/15; бр.25/15, бр.150/15), бр.192/15; бр.27/16; бр.163/17; бр.21/18; бр.198/18; бр.104/2019; бр.146/19 и Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и Законот за дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.311/20 ).

**Доставено барање мислење од овластен предлагач/по сопствена иницијатива :**
По сопствена иницијатива, врз основна на член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), а во врска со предлогот доставен од Стручни работници и соработници од градинките.

**Област:**

Социјална заштита на децата

**Генерална оценка**

1. **Осврт на барањето :**

Со Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија" бр.23/13; бр.12/14; бр.44/14; бр.144/14; бр.10/15; бр.25/15, бр.150/15), бр.192/15; бр.27/16; бр.163/17; бр.21/18; бр.198/18; бр.104/2019; бр.146/19 и Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и Законот за дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.311/20 ) се уредува системот и организацијата за заштита на децата.

Целите на овој закон се за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.

**Разгледани / консултирани дополнителни материјали**:
Законот за заштита на децата
Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019).

Државната Комисија за спречување на корупција, врз основа на член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), а согласно со Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, по спроведената антикорупциска проверка на одредбите од Законот за заштита на децата, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Државната комисија за спречување на корупција по извршената анализа и оценка на одредбите од Законот за заштита на децата, конкретно во делот на детските градинки, категориите на работните места и начинот на унапредување, оценувањето на давателите на јавни ускуги, систематизацијата на работните места и начинот на именувањето и мандатирањето на директорот не најде на постоење на ризици од корупција.

Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, а во врска со предлогот доставен од Стручни работници и соработници од градинките, спроведе антикорупциска проверка на одредбите од Законот за заштита на децата со кој се уредува системот и организацијата за заштита на децата.

По спроведената антикорупциска проверка на Законот за заштита на децата Државната комисија не најде на регулаторни ризици за корупција, поради што го донесе споменатиот заклучок.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК
**Изработил:** Б. Џ,советник
**Одобрил:** м-р Ш.С, член на ДКСК